Заедници инклузивни
за млади

ЕУ со ТЕБЕ

# МОНИТОРИНГ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА **МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**



Финансирано од
Европска Унија

Национален младински совет
на Македонија

ФОНДАЦИЈА
ЗА РАЗВОЈ НА
ЛОКАЛНАТА
ЗАЕДНИЦА

СФЕРА
ИНТЕРНЕШНАЛ

yep!
YOUTH EMPOWERMENT PLATFORM

**ИЗДАВАЧ:**
**Национален младински совет на Македонија**
ул. Вељко Влаховиќ, бр. 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
Филип Ивковски, претседател

**АВТОР**
Ане Матевска

**СОРАБОТНИЦИ**
Мариана Ангелова, Александар Михајловиќ, Ана Наумоска, Деа Здравковска, Дејан Петровски, Ивана Атанасовска, Ивана Хаџи-Николова, Јорданчо Миневски, Кристијан Панев, Симона Станојевска

**ЛЕКТУРА**
Валентина Јошевска

**ДИЗАЈН**
Илија Станковски

**ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ**
2024

Овој мониторинг извештај е подготвен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Националниот младински совет на Македонија и не ги одразува ставовите на Европската Унија.

# ЗА ПРОЕКТОТ

Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) е Главната цел на проектот „Инклузивни заедници за млади“ е да ги ангажира младинските граѓански организации да им обезбедат поддршка на своите локални заедници, да ги искористат постојните механизми за учество во локалните политики и процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на нивните потреби и потребите на нивните конституенти.

Главните активности на проектот вклучуваат: зајакнување на капацитетите на младинските организации и локалните младински совети преку серија работилници, следење на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, оценување на инклузивноста на младите во локалните самоуправи во Северна Македонија, изготвување препораки за политики и поддршка на младински иницијативи за застапување кои го зголемуваат младинското учество во јавната политика.

Проектот го спроведува Националниот младински совет на Македонија, заедно со партнерите Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар. Проектот „Инклузивни заедници за млади“ е поддржан од Европската Унија.

# ЗА ПАРТНЕРИТЕ

## НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) е платформа која ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска меѓу сите засегнати страни и која им обезбедува вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. НМСМ е основан на 29 јуни 2013 година од 55 организации.

НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Северна Македонија. Советот обединува сојузи, младински организации, организации за млади и подмладоци на други организации со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Република Северна Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации што работат на национално и на регионално ниво, во рурални и во урбани средини, студентски организации, разграноци на меѓународни организации и други типови здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичко и верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или каква било друга форма на разлика.

## ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Фондацијата за развој на локалната заедница Штип (ФРЛЗ) е формирана во декември 2006 и е правен наследник на Центарот за поддршка на НВО Штип. Мисијата на ФРЛЗ е ефективно учество на граѓаните во креирање на јавните политики и нивно доследно спроведување. ФРЛЗ има воспоставено добра соработка со граѓанските организации од Македонија, локалните и националните институции, бизнис-заедницата и медиумите.

Партнери на ФРЛЗ во поддршката на развојот на граѓанското општество во Македонија и промоцијата на принципите на владеење на правото и доброто управување се домашни и странски донатори. Фондацијата активно работи во секторите: децентрализација, добро управување, владеење на правото, лобирање и застапување, човекови права, транспаретност и отчетност, промоција на филнатропија и др.

Активностите на Фондацијата ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис-секторот, активни млади лица, медиумите и донаторите.

## СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ

Здружението за одржлив развој СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ – Битола е формирана во 2009 година која се фокусира на младите и на сите граѓани во Општина Битола за остварување на своите главни цели, активности и акции во рамките на нашата мисија, којашто е покренување на свеста и едукација на локалните заедници, преку неформални едукативни методи, на темите како: заштита на животната средина, културно и природно наследство, здрав живот, долгорочна одржливост на младинскиот развој и активно учество на младите преку волонтирање во Северна Македонија.

Визијата на СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ е чиста, еколошка животна средина во Република Северна Македонија и искористување на алтернативните извори за енергија.

СФЕРА ИНТЕРНЕШНАЛ преку неформално образование поттикнува практикување здрав живот, грижа за животната средина, активно учество на младите во РСМ и волонтерство.

## ПЛАТФОРМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Платформата за зајакнување на младите – ЈЕП, е формирана во 2015 година која се стреми да ги поддржи младите од Гостивар и околината преку негување на нивните лидерски вештини, охрабрување на нивниот граѓански ангажман и обезбедување технички вештини.

Мисијата на ЈЕП е поттикнување и зајакнување на младите преку различни проекти. Нашата цел е инспирирање и обучување на младите да преземат активна улога во процесот на донесување одлуки.

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** 8

**ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ** 10

**МЕТОДОЛОГИЈА** 14

**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** 15

*Национално собрание за млади* 16

*Национално советодавно тело за младински политики* 16

*Локални младински совети* 17

**ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ** 20

*Национална стратегија за млади* 22

*Локални стратегии за млади* 23

# СОДРЖИНА

**СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ** 25

*Канцеларија за млади* 26

*Младински центар* 27

*Службеници за млади* 29

*Истражувачки центар за теми поврзани со младите во Агенцијата за млади и спорт* 31

**ФИНАНСИРАЊЕ** 33

**ЗАКЛУЧОЦИ** 38

**ПРЕПОРАКИ** 40

# ПРЕДГОВОР

Поминаа повеќе од четири години од донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики. И покрај овој значаен временски период, сè уште не може да се каже дека законот е целосно имплементиран. Ова е особено видливо на општинско ниво, каде што бројни одредби и иницијативи, наведени во законот, не се спроведени во пракса. Недостатокот на имплементација предизвикува загриженост за ефективноста на законодавството и посветеноста на локалните власти да ги поддржат младинското вклучување и политиките. Решавањето на овие празнини е од клучно значење за да се осигури дека предвидените придобивки од законот ќе бидат видливи за младите луѓе низ целата земја.

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики, значаен закон кој има за цел да ја зајакне улогата на младите во процесите на креирање политики и одлучување во земјата. Создавањето на овој закон се карактеризираше со транспарентност, инклузивност и активен дијалог меѓу различните чинители, кој претставува значајна пресвртница за младинскиот сектор во Северна Македонија.

И покрај ветувачкиот почеток и прогресивната природа на создавањето на законот, подоцнежната фаза на имплементација бележи значителни предизвици. Институционалната свест и посветеноста за спроведување на одредбите од законот остануваат на ниско ниво што го попречува целосното остварување на потенцијалните придобивки на законот за младите луѓе и младинските организации.

Како одговор на овие грижи, Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) го објави првиот мониторинг извештај во 2022 година и вториот во 2023 година преку кои даде критичка оцена за спроведувањето на законот. И двата претходни извештаи нотираат дека младите и младинските организации сè уште не се висок приоритет на државните институции. Компаративниот метод на податоците од претходните извештаи покажуваат одреден напредок во исполнувањето на дел од обврските, но тие не се на посакуваното и законски предвиденото ниво. Последниот извештај објавен во 2023 година покажува дека само 23% од општините имаат формирано локален младински совет, 1% формирале младинска канцеларија,

9% од општините имаат младински центри, а најголемо исполнување има на обврската за назначување службеник за млади која ја оствариле дури 79% од општините[1].

Овој мониторинг извештај има за цел да се надоврзе на наодите од претходниите извештаи преку обезбедување ажурирана оцена за спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики. Се обидува да го оцени степенот до кој се актуелизирани можностите и механизмите за вклучување на младите во креирањето политики и одлучувањето, како што е наведено во законот. Дополнително, овој извештај ги споредува тековните податоци со оние од претходниот мониторинг извештај за да ги идентификува областите каде што е постигнат значителен напредок и да ги нагласи тековните предизвици.

Нашата цел е да обезбедиме сеопфатна анализа која ќе ги информира засегнатите страни, ќе поттикне понатамошни подобрувања и на крајот ќе се осигури дека одредбите на Законот за младинско учество и младински политики се целосно реализирани, давајќи им можност на младите од Северна Македонија активно да ја обликуваат својата иднина.

Овој мониторинг извештај е подготвен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Националниот младински совет на Македонија и не ги одразува ставовите на Европската Унија. Мониторинг извештајот е спроведен во рамките на проектот „Инклузивни заедници за млади“ кој НМСМ го спроведува со партнерите Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за зајакнување на младите ЈЕП – Гостивар.

Голема благодарност до нашите регионални набљудувачи, кои во периодот од декември 2023 до мај 2024 година активно ја следеа имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во нивните региони.

1. Мониторинг извештај за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, 2023 година (достапен на <https://nms.org.mk/wp-content/uploads/2023/07/Monitoring_Izvestaj_Broshura_2023_MKD.pdf> )

# ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Во 2018 година, по иницијатива на Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија започна процес за креирање Закон за млади. Процесот следуваше по втор пат, откако во 2011 година од страна на државата, а на барање на младинскиот сектор, тогашниот предлог-закон за млади беше повлечен.

При процесот на креирање на законот беше формирана експертска работна група составена од претставници на младинскиот сектор, со цел да придонесат во креирањето на содржината на законот, засновано на нивните искуства од работата со млади на национално и на локално ниво. Во експертската работна група учествуваа пратеници од позицијата и опозицијата, претставници на подмладоците на политичките партии и претставници на меѓународната заедница. Националниот младински совет на Македонија учествуваше со пет претставници, кои ги застапуваа интересите на организациите членки на советот. Во текот на овој процес, Националниот младински совет на Македонија со поддршка од своите организации-членки и Базата на обучувачи на НМСМ спроведе 17 консултации со младите на локално ниво со цел утврдување на потребите на младите за тоа што сакаат да биде имплементирано со новиот Закон за млади.

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе законот под името „Закон за младинско учество и младински политики“. Законот за младинско учество и младински политики е првото законско решение во Северна Македонија кое го гарантира младинското учество и ги препознава младите и формите на младинско организирање. Како таков, законот прави дистинкција помеѓу младинска организација, организација за млади и младинска чадор-организација, и ја делегира обврската на Агенцијата за млади и спорт да води Регистар на формите на младинско организирање. Законот, дополнително за прв пат, дава дефиниција што е млад човек, младинска политика, младинско учество, младинска работа и младински работник.

Во поглед на младинското учество, законот предвидува механизми на национално и на локално ниво за вклучување на младите во процеси на креирање политики и донесување одлуки,

односно Национално советодавно тело за младински политики и локални младински совети во сите општини.

Од аспект на политиките за млади, во самиот закон е опфатено носење национална стратегија за млади и локални стратегии за млади, како клучни стратешки документи за активности за млади кои ги планираат и ги спроведуваат институциите и општините. Националната стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите, и таа се донесува за временски рок од пет години. Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво.

Законот за младинско учество и младински политики предвидува и сервиси за млади, односно механизми за доближување на институциите за младите и овозможување нивен раст и развој. Како такви, во рамките на законот се дефинирани канцеларии за млади и младински центри, а во рамките на државните институции и општините е предвидено именување службеник за млади, односно лице одговорно за работењето на претходно наведената канцеларија за млади, како и за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Во рамките на поглавјето сервиси за млади, исто така, е превидено и Агенцијата за млади и спорт да воспостави истражувачки центар за теми поврзани со младите.

И на крај, во однос на финансирањето за спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%, додека од буџетите на општините за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Законот за младинско учество и младински политики, во формата во која е донесен, покрива многу поволности за младите и младинските организации во Северна Македонија, но остава простор за негово проширување и унапредување, особено во поглед на креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и на општинско ниво, и обезбедување квалитет на предвидените механизми за младинско учество и сервиси за млади, како и за препознавање на НМСМ како

Национален младински совет, што е практика во европските држави, со цел користење на веќе постојните капацитети и практики воспоставени преку НМСМ кон креирање подобри и поквалитетни младински политики.

Три години по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, беше постигната значајна пресвртница во април 2023 година кога беше организирана јавна дебата за да се оцени ефективноста на законот. Оваа дебата се фокусираше на идентификување кои аспекти од законот функционираат добро, а кои не успеваат, со цел прецизирање конкретни области на кои им треба подобрување и измени. По ова, во јули 2023 година и официјално беше започнат процесот за поднесување предлог-измени на законот. Оваа фаза опфати и серија консултативни состаноци со релевантните засегнати страни за да се осигури дека се земени предвид различните перспективи и согледувања при обликувањето на предложените промени. И покрај сеопфатните напори и активниот ангажман од различни страни, процесот на крајот не резултираше со усвојување на поднесените предлози и предвидените измени на законот. Овој исход ги истакна тековните предизвици за постигнување консензус и спроведување на неопходните реформи за подобрување на ефективноста на Законот за младинско учество и младински политики.

**Нов разој на младинските политики и младинското учество – од Агенција за млади и спорт кон Министерство за социјална политика, демографија и млади.**

Она што е важно да се истакне во овој извештај се и неодамнешните значајни промени во правниот и организацискиот сегмент поврзани со младинските политики и младинското учеството во нашата земја. Овие измени произлегуваат од усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа[2] закон кој доведе до реорганизација и на Агенцијата за млади и спорт, каде што сите надлежности на агенцијата поврзани со млади се префрлаат во новоформираното Министерство за социјална политика, демографија и млади. Формирањето на Министерството за социјална политика, демографија и млади означува нова ера во администрирањето и планирањето на младинските политики и младинското учество, но со оглед на оваа организациска транзиција, императив е да се ревидира и прилагоди сегашниот Закон за младинско учество и

2. Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РСМ“, бр. 121/2024)

младински политики за да се усогласи со механизмите и структурата на новото министерство и да ги одрази улогите и одговорностите на новото министерство во младинските прашања.

Имајќи предвид дека податоците од овој извештај се собирани во периодот пред ваквата реорганизација, тие се обработувани, разгледувани и поврзувани согласно со обврските и надлежностите на Агенцијата за млади и спорт предвидени во Законот за младинско учество и младински политики.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Предмет на мониторинг на овој извештај е имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, со посебен фокус на имплементацијата на Законот на општинско ниво.

За потребите на мониторинг извештајот, беше изработена мониторинг матрица врз основа на која ќе се следи имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики. Дополнително, беа ангажирани 8 набљудувачи, секој со улога да ја следи имплементацијата на законот во една од осумте плански региони, односно Скопски Регион, Североисточен Регион, Источен Регион, Југоисточен Регион, Вардарски Регион, Полошки Регион, Пелагониски Регион и Југозападен Регион. Методологијата за следење е заснована на поднесувања барања за пристап до информации од јавен карактер до надлежните општини, доставување претходно подготвен прашалник за прибирање информации, но дополнително и контактирање на службениците за млади во општините каде што тие се именувани, и препроверување на добиените податоци. Дополнително, со цел да се истакне напредокот во однос на имплементацијата од претходната година, користени се податоците од претходниот Мониторинг извештај за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики од 2023 година.

Со оглед на тоа дека податоците беа прибирани во периодот декември 2023 до мај 2024 година, НМСМ ги вложи своите најдобри напори, но не може да ја гарантира точноста и комплетноста на информациите содржани во мониторинг извештајот или да ја елиминира можноста за аномалии, имајќи предвид дека во периодот на обработката на податоците постои можност состојбата за определени прашања да се променила.

# МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Законот за младинско учество и младински политики го дефинира поимот „младинско учество“ како процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите[3]. Во рамките на законот се предвидвидени механизми за младинско учество на национално ниво, преку Националното собрание за млади и на локално ниво, преку Локалните младински совети.

**Во поглед на имплементацијата, Националното собрание на млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сѐ уште не се формирани, а Локални младински совети има во 34 општини (42% од вкупниот број општини).**

## НАЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Националното собрание на млади претставува тело на формите на младинско организирање кое врши избор на младински претставници во Националното советодавното тело за младински политики, креира приоритети и политики за застапување на младинските претставници и ја координира и ја следи нивната работа.[4]

Националното собрание на млади го свикува иницијативен одбор од најмалку две третини од формите на младинско организирање од Регистарот на Агенцијата за млади и спорт. Во моментот на обработка на податоците од спроведениот мониторинг, односно засновано на податоците објавени од Агенцијата за млади и спорт заклучно со 13 мај 2024 година, Регистарот брои вкупно 115 организации, од кои 10 се младински организации, 102 организации за млади и 3 чадор-организации.[5]

**Од донесувањето на законот, Националното собрание на млади сѐ уште не е формирано.**

## НАЦИОНАЛНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Националното советодавно тело за младински политики претставува механизам за соработка помеѓу претставници на младинскиот сектор и претставници на органите на државната управа кое има советодавна и надзорна улога при

3. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
4. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
5. Регистар на младински и чадор-организации на Агенцијата за млади и спорт (заклучно со 13.5.2024год.), достапен на: <https://a-pi.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2024/05/registar-na-organizaczii-zakluchno-so-13.05.2024.pdf>

спроведувањето на младинските политики и активностите за млади.[6] Советодавното тело се состои од девет младински претставници избрани од страна на Националното собрание на млади и осум претставници номинирани од органите на државната управа. Еден од претставниците на младинскиот сектор е назначен како негов претседател.

**Бидејќи Националното собрание на млади сè уште не е формирано, а чиј состав ги номинира членовите на Националното собрание на млади, Националното советодавно тело за младински политики сè уште не е формирано.**

Дополнително, Владата ги утврди институциите кои ќе учествуваат во ова тело, односно донесе одлука и ги задолжи Агенцијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за финансии да именуваат претставник во Националното советодавно тело за младински политики.[7]

## ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Локалните младински совети претставуваат тела на локалната самоуправа кои ги сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кои имаат советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Локалните младински совети имаат улога да го гарантираат младинското учество на локално ниво, односно на ниво на општина. Самиот закон предвидува креирање локален младински совет во 81 општина.

Во поглед на процедурата за воспоставување, Статутот на општината која го формира локалниот младински совет треба да се менува или дополнува за да се утврдат процедурите за формирање на локалниот младински совет, вклучувајќи го составот, мандатот, обврските и одговорностите. Откако ќе се постигне усогласување на Статутот, општината ќе го објави повикот за формирање иницијативен одбор, составен од младински организации препознаени од законот, кои се активни во општината. Иницијативниот одбор ќе го објави повикот за конститутивното локално собрание за млади, во согласност со Статутот на општината. По одржувањето на првата

6. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
7. Соопштение од 86-тата седница на Владата на Република Северна Македонија (достапно на: <https://vlada.mk/node/25846>)

конститутивна седница на локалното собрание на млади, Иницијативниот одбор ќе се распушти. Локалното собрание на млади ќе го објави јавниот повик за членови на локалниот младински совет, кој ќе биде достапен на веб-страниците на општината. Собранието на млади ќе избере членови на локалниот младински совет преку непосредни избори, каде што правото на глас го имаат делегатите од локалното собрание на млади. Избраните членови на локалните младински совети ќе бидат верификувани од советите на општините. Оваа процедура е најприменлива кога станува збор за креирање локален младински совет првпат, но постојат околности каде што во некои општини веќе постои или постоел локален младински совет, па во такви случаи потребна е трансформација на советот со цел да одговара на законските одредби.

За да се обезбеди дополнителна поддршка за општините и младите на локално ниво, особено за создавање на локални младински совети и преземање на потребните чекори, Агенцијата за млади и спорт и Мисијата на ОБСЕ во Скопје го изработија „Прирачникот за локални младински совети“. Сите детални чекори се дефинирани во самиот прирачник.




Што се однесува на одредбата од законот за формирање локални младински совети, 34 општини, што претставува 42% од вкупниот број општини, истакнуваат дека имаат формирано Локален младински совет во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики. Според истражувањето, во 41 општина не е фомиран локален младински совет, додека 3 општини не дале одговор.




Со текот на годините по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, овие податоци покажуваат напредок во имплементацијата на законот и формирањето на локални младински совети. Врз основа на претходно спроведените истражувања и објавените мониторинг извештаи во 2021 година биле основани само 10 локални младински совети, во 2022 година бројот се зголемил на 19, а моментално има 34 формирани локални младински совети што укажува на зголемена свест кај општините за имплементација и важноста на одредбите кои треба да придонесат кон зголемување на младинското учество на локално ниво.

# ПОЛИТИКИ
# ЗА МЛАДИ

Законот за младинско учество и младински политики, покрај младинското учество ги регулира и политиките за млади на национално и на локално ниво. Согласно со одредбите на законот, на национално ниво Владата на Република Северна Македонија ја има обврската да креира и да усвои национална стратегија за млади за период од пет години која ќе вклучува и акциски план за реализација. На локално ниво, општините ја имаат обврската да усвојат локални стратегии за млади за период од пет години, заедно со акциските планови за реализација.

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Национална стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.[8]

Иако во периодот на донесување на законот постоеше важечка стратегија за периодот 2019-2025, новиот закон предвидуваше и донесување нова национална стратегија за млади, конкретно во рок од 18 месеци од донесувањето на законот.

Со цел изготвување на Националната стратегија за млади, Агенцијата за млади и спорт во ноември 2021 година, објави оглас за јавна набавка за спроведување истражување на младинските трендови. Резултатите од истражувањето беа презентирани во мај 2022 година и тие се јавно достапни и објавени на веб-страницата на Агенцијата за млади и спорт.[9] Во август 2022 година, на Меѓународниот ден на младите, Агенцијата за млади и спорт официјално го најави започнувањето на процесот за креирањето на новата Национална стратегија за млади и нејзиниот процес за креирање доби поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА). Процесот на подготвување на стратегијата опфати консултативни процеси, како и организација на настани и тематски работни групи во периодот од октомври до декември 2022 година. Во процесот се вклучија засегнати страни за младински политики како: државни институции, младински организации, образовни установи, донаторска заедница и општините. За потребите на стратегијата, исто така беа ангажирани експерти за различните стратешки приоритети.

8. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ", бр. 10/2020)
9. Истражување на младинските трендови 2022 (достапно на: <https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/istrazhuvane-ams-2022.pdf> )

По целиот овој процес во септември 2023 година, Владата на Северна Македонија ја усвои новата Национална стратегија за млади 2023-2027[10] која опфаќа 8 приоритетни области: Младинско учество; Младинско информирање; Младинска работа; Образование; Култура; Здравје; Претприемништво и поддршка пред вработување и Безбедност (насилство). Заедно со донесувањето на новата Национална стратегија беше донесен и акциски план за неа за периодот 2023-2025[11] и е првиот акциски план за имплементација на стратегијата, а предвидена е и изработка на втор акциски план за периодот 2025-2027.

Дополнително, во однос на тоа што е регулирано во самиот закон, а поврзано со Националната стратегија за млади, е тоа што таа треба да биде изработена низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес и нејзината содржина да биде консултирана со Националното советодавно тело за млади, кое с è уште не е формирано.

## ЛОКАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА МЛАДИ

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.[12] Таа претставува основа за развој на локалните младински политики на конкретната општина во петте години во чиј период е донесена стратегијата.

Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади, заедно со акциските планови, се изработува од страна на општините во соработка со локалниот совет на млади, а се спроведува со буџетски средства од конкретната општина.

**Согласно со податоците добиени од спроведениот мониторинг, 18 општини се изјасниле дека е усвоена локална стратегија за млади, во 57 општини нема локална стратегија за млади, а 6 општини не дале одговор на ова прашање.**

10. Национална стратегија за млади 2023-2027 (достапна на: <https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf> )
11. Акциски план 2023-2025 (достапен на: <https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/akciski-plan-2023-2025.pdf >)
12. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

Во однос на акциските планови, само 12 општини одговориле дека имаат изработено акциски план.




Споредено со претходните години бројот на општини кои имаат усвоена стратегија за млади варира, но важно е да се напомене дека постојат околности каде што определени општини имале важечки локални стартегии за млади, кои се истечени, а дополнително постојат и општини кои пред донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики креирале и усвоиле сопствени локални стратегии за млади.



# СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ

Во Законот за младинско учество се регулираат и сервиси за младите кои ќе овозможат доближување на институциите и општините до младите, преку формирање канцеларии за млади, младински центри и именување службеници за млади.

## КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

Канцелариите за млади претставуваат примарна точка за пристап на младите на локално ниво и оттаму се координира работата за млади во општините.[13] Канцеларијата за млади во рамките на општината е местото во кое ќе можат да се обратат сите млади лица од општината и да се информираат во врска со прашања поврзани со младите, а во надлежност на општината. Именуваниот службеник за млади во самата општината е предвидено да биде назначеното лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади.

Согласно со законот, сите општини имаат обврска да формираат канцеларија за млади најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики. Рокот е истечен од 14 јануари 2021 година. Во однос на добиените податоци од општините, кај дел од нив сè уште постои дилемата околу тоа што е канцеларија за млади, а што е младински центар. Согласно со податоците добиени од страна на општините, 18 од нив тврдат дека имаат формирано канцеларии за млади што претставува 22% од општините.




Во однос на споредбата од 2022 со 2023 година забележително е големо зголемување на број на општини кои тврдат дека имаат канцеларија за млади, но реалната слика е дека бројот на

13. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

канцеларии формирани согласно со Законот за младинско учество и младински политики е многу помал, а во 2022 година утврдено е дека само во Општина Куманово постела канцеларија, таква каква што е дефинирана во Законот за младинско учество. Ова остава простор за подобрување бидејќи може да се заклучи дека општините не ја сфаќаат улогата на овие канцеларии, и како такви ги сметаат физичките канцеларии каде што е стационирани службеникот за млади или дополнително простори кои ги алоцираат за користење на локалните младински совети.




## МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

Младинските центри се места каде што се подготвуваат и се спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.[14] Согласно со Законот за младинско учество и младински политики, секоја општина има обврска да формира младински центар во рок од 5 години од денот на влегувањето во сила на законот.

Процедурата за отворање младински центри и обезбедување на нивниот квалитет е дополнително утврдено со Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри[15], кој е донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт и е изработен заедно со Сојузот за младинска работа.

Досега, согласно со добиените податоци 16 од општините одговориле дека во општината има младински центар и тоа следните општини: Центар, Гази Баба, Куманово, Липково, Кочани, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Чашка, Битола, Струмица, Охрид, Боговиње, Гостивар и Тетово. И покрај овие

14. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
15. Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри, усвоен од Агенција за млади и спорт, (достапен на: <https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf>)

тврдења реалната слика е дека само 10 од овие центри се функционални и тоа во Општините: Центар, Куманово, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Охрид, Битола, Липково и Гостивар.




Досега, согласно со добиените податоци 16 од општините одговориле дека во општината има младински центар и тоа следните општини: Центар, Гази Баба, Куманово, Липково, Кочани, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Чашка, Битола, Струмица, Охрид, Боговиње, Гостивар и Тетово. И покрај овие тврдења реалната слика е дека само 10 од овие центри се функционални и тоа во Општините: Центар, Куманово, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Охрид, Битола, Липково и Гостивар. Поврзано со добиените одговори важно е да се напомене дека, во дел од овие општини отворањето младински центар е во процес, а во дел од општините младинските центри функционираат со донаторска поддршка, но без притоа да добиваат финансиски средства од општината.



Ако се направи споредба со добиените одговори од претходните години може да се забележи дека во 2023 година бројот на општини кои тврдат дека имаат отворено младински центар се зголемил, но споредено со 2021 со 2022 година, во 2022 година тој број се намалил од 8 на 7. Конкретно, во 2021 година Општините Гази Баба, Гостивар, Свети Николе и Чаир тврделе дека имаат младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики, но во 2022 година одговориле дека немаат.

Кога станува збор за споредбата од 2022 година со 2023 година, во последното истражување Општините Гази Баба, Липково, Кочани, Чашка, Битола, Струмица, Боговиње Гостивар и Тетово одговориле дека имаат отворено младински центри. Оваа промена сигнализира на тоа дека општините сè повеќе се свесни за Законот за младинско учество и младински политики и за неговото значење.

Рокот за оваа законска обврска сè уште не е истечен.

## СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

Според законот, сите општини, исто така, ја имаат обврската да именуваат службеник за млади, односно лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, како и за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.[16]

Именуваните службеници за млади се достапни на официјалната веб-страница на Агенцијата за млади и спорт, заедно со нивните електронски пошти, на кои младите можат да им се обратат. Засновано на објавениот список, институциите и општините покажале најголем интерес за имплементирање на оваа обврска, која примарно се состои од именување веќе вработено лице во рамките на самата институција, односно општина.

Од јавно достапните информации за службениците за млади[17], може да се утврди дека досега се именувани 56 службеници за млади во државните институции, односно органите на државната управа, а 65 во општините. Процентуално гледано, 80% од општините ја имаат исполнето таа обврска.

16. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
17. Службеници за млади во институции и општини (објавено во јули 2022 година), достапно на: <https://ams.gov.mk/m-k/page/youth-officers>




Она што дополнително може да се утврди е тоа што во периодот откако започна да се споделува списокот на службеници за млади на веб-страницата на Агенцијата за млади и спорт, се случува и промена на именуваните лица по неколку месеци. Оттука, потребна е професионализација на службениците за млади со цел тие конкретно да се запознаат со своите надлежности и обврски, и притоа да се обезбеди стабилност на позицијава, а не нејзино ротирање помеѓу вработените во институцијата, односно општината. Исто така критериумите за именување лице за службеник за млади ѝ остануваат непознати на јавноста, односно колку и дали именуваното лице воопшто има некакво познавање или заднина во областа на младинските политики и работата со млади.

Рокот за имплементирање на оваа законска обврска истекува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики, и тој е истечен од 14 јануари 2021 година, а согласно со прибраните податоци не е во целост имплементирана обврската. Дополнително, во споредба со податоците од претходните година, се забележува пораст во бројот на именувани службеници за млади.



# ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО МЛАДИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во поглед на креирање релевантни политики за младите, во рамките на самиот закон е предвидено Агенцијата за млади и спорт да воспостави истражувачки центар за различни теми поврзани со младите. Законски предвидениот рок за воспоставување на истражувачкиот центар истекува по една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики, односно 14 јануари 2021 година.
Рокот е истечен, а истражувачки центар за теми поврзани со младите не е воспоставен во Агенцијата за млади и спорт. Оттаму претходно појаснуваа дека е во тек промена на систематизацијата на Агенцијата за млади и спорт и се чекаат потребни согласности од страна на останатите институции пред да се пристапи кон формирање истражувачки центар, кој ќе функционира во рамките на секторот Млади во рамките на агенцијата.

По неодамнешната реорганизација на Агенцијата за млади и спорт и префрлањето на темите поврзани со млади во Министерството за социјална политика, демографија и млади останува отворено прашањето како понатаму ќе се реализира оваа обврска и на кој начин ќе се регулира воспоставувањето на оваа служба за млади. И понатаму постои можност[12] оваа обврска да се замени со стратешки партнерства со младински организации кои ја имаат експертизата да спроведуваат истражувања на различните теми од интерес на младите, со цел политиките за млади кои ќе се развиваат да бидат засновани на докази.

# ФИНАНСИРАЊЕ

Во самиот Закон за младинско учество и младински политики е дефинирано дека за спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%. Дополнително, од буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.[18]

Во поглед на финансирањето на локално ниво, општините имаат обврска на годишно ниво да издвојуваат најмалку 0,1% од општинскиот буџет. Во самиот закон, согласно со моменталната формулација, е недоволно јасно како се распределени средствата предвидени на национално ниво, односно дали тие 0,3% се однесуваат само на Агенцијата за млади и спорт, или се предвидени и за останати институции. Дополнително, кај средставата предвидени за општините, е нејасно дали тие се предвидени за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, односно за локални младински совети, младински центри, канцеларии за млади и младински политики на локално ниво. Од овие причини, следењето на трошењето на средстата за млади на локално ниво е вистински предизвик.

Од горенаведените причини, овој мониторинг извештај се обидува да истражи колку од општините воопшто испланирале и доделиле средства за млади во 2023 година и колку испланирале за 2024 година, со тоа што се бара и конкретна информација од нив, колку од алоцираните средства се однесуваат за спроведување на законските одредби, односно за локални младински совети, младински центри, канцеларии за млади и младински политики на локално ниво. Согласно со структурата на прашањата, 50 од општините дале одговор дека општината има планирано финансиска поддршка за млади во буџетот за 2023 година, но само 29 од нив дале конректна сума за тоа колку има планирано општината за поддршка на млади во 2023 година. Понатаму, податоците покажуваат дека 49 од општините не дале одговор на прашањето колку  и за што се наменети средствата. Она што е забележително во податоците е дека голем дел од општините како такви ги сметаат генерално активностите за спорт и рекреација, доделените средства за граѓански организации и слично, а помал дел од нив издвоиле конкретно средства за унапредување на младинското учество и воспоставување сервиси за млади. Врз основа на добиените податоци, заклучокот е дека во 2023 година само 18 општини (22%) изјавиле дека во 2023 година имаат доделено средства за сервисите за млади кои се предвидени во законот.

18. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)




Дополнителен проблем зошто е тоа така, општините наведуваат дека не трошат и не планираат средства за спроведување на законските одредби на Законот за младинско учество и младинските политики од причини што процесите поврзани со нив не се воопшто започнати. Кај поголем дел од општините одговорот којшто го истакнуваа општините е дека не алоцираат средства, на пример за локални младински совети, поради самата причини што општината сè уште ги нема воспоставено.
Во однос на податоците за тоа дали и колку општината има планирано финансиска поддршка за млади, во буџетот за 2024 година, може да се заклучи дека голем број од општините т.е. 49 (61%) истакнуваат дека имаат планирано средства, но само 32 од нив имаат наведено износ за тие планирани средства. Иако податоците покажуваат зголемена свест кај општините за алокација на средства од буџетот, конкретно за млади, како отворено прашање ќе остане колку од нив ќе бидат потрошени. Исто така треба да се истакне дека дел од овие општини имаат наведено дека тие средства се однесуваат на трансфери до НВО, спорт, култура и сл., а дел од нив немаат наведено за што конкретно се планирани тие.



# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Младите и младинските организации остануваат ниско на агендите на властите, со оглед на тоа што 4 години по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, голем дел од предвидените механизми за младинско учество и сервиси за млади сè уште не се имплементирани;

- Општините продолжуваат да покажуваат мал интерес за имплементација на законските обврски за формирање локален младински совет, канцеларија за млади и/или младински центар, освен во поглед на именување службеник за млади (80% од општините имаат службеник за млади);

- Од аспект на имплементацијата на механизмите за младинско учество, Националното собрание за млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сè уште не се формирани, а Локални младински совети има во 34 општини што претставува 42% од вкупниот број општини;

- Процесот за донесување на Националната стратегија за млади, како обврска од Законот за младинско учество и младински политики, беше финализиран во текот на 2023 година. Новитет во стратегијата во споредба со претходната е тоа што стартегијата опфаќа и нова област, односно безбедност и ненасилство;

- 18 општини имаат Локална стратегија за млади, односно само 22% од општините, а само 12 општини имаат креирано и усвоено акциски план;

- Формирање канцеларија претставува еден од најголемите предизвици при имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики. Општините не ја сфаќаат улогата на овие канцеларии, и како такви ги сметаа физичките канцеларии каде што е стациониран службеникот за млади или дополнителни простори кои ги алоцираат за користење на локалните младински совети.

- 16 од општините одговориле дека во општината има младински центар и тоа следните Општини: Центар, Гази Баба, Куманово, Липково, Кочани, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Чашка, Битола, Струмица, Охрид, Боговиње, Гостивар и Тетово. И покрај овие тврдења реалната слика е дека само 10 од овие центри се отворени согласно со Законот

за младинско учество и младински политики и тоа во Општините: Центар, Куманово, Пробиштип, Штип, Велес, Кавадарци, Охрид, Битола, Липково и Гостивар.

- Имплементацијата на Законот доминира во урбаните средини, а затајува кај руралните.
- Од јавно достапните информации за службениците за млади, може да се утврди дека досега се именувани 56 службеници за млади во државните институции, односно органите на државна управа, а 65 во општините. Процентуално гледано, 80% од општините ја имаат исполнето таа обврска;
- Рокот е истечен, а истражувачки центар за теми поврзани со младите не е воспоставен во Агенцијата за млади и спорт;
- Врз основа на добиените податоци, заклучокот е дека во 2023 година, само 18 општини издвоиле конкретни средства за имплементирање на законот за младинско учество и младински политики;
- Врз основа на планираните буџети за 2024 година, 32 општини тврдат дека издвоиле средства за млади, но генерално голем дел од општините како такви ги сметаат пред сè активностите за спорт и рекреација, доделените средства за граѓански организации и слично, а помал дел од нив издвоиле конкретно средства за унапредување на младинското учество и за воспоставување сервиси за млади.
- Во самиот закон има нејаснотии околу тоа која надлежност му припаѓа на кој чинител, и самото тоа придонесува кон задоцнето имплементирање, неадекватно имплементирање или неимплементирање на дел од одредбите од законот.
- Формирањето на Министерството за социјална политика, демографија и млади означува нова ера во администрирањето и планирањето на младинските политики и младинското учество, но со оглед на оваа организациска транзиција, императив е да се ревидира и прилагоди сегашниот Закон за младинско учество и младински политики за да се усогласи со механизмите и структурата на новото министерство и да ги одрази улогите и одговорностите на новото министерство во младинските прашања.

# ПРЕПОРАКИ

- Итна имплементација на одредбите во Законот за младинско учество и младински политики, особено на општинско ниво;
- Свикување и спроведување надзорна расправа за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во Собранието на Република Северна Македонија;
- Прилагодување и усогласување на Законот за младинско учество и младински политики со механизмите и структурата на новото Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- Склучување стратешки партнерства помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади со младински организации, организации за млади, младински чадор-организации за да ја искористат нивната експертиза за спроведување истражувања на различните теми од интерес на младите, со цел политиките за млади, кои ќе се развиваат, да бидат засновани на докази;
- Воведување казнени одредби во законот и креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и на општинско ниво;
- Професионализација на службениците за млади со цел тие конкретно да се запознаат со своите надлежности и обврски, и притоа да се обезбеди стабилност на позицијата, а не нејзино ротирање помеѓу вработените во институцијата, односно општината.
- Поедноставување на процедурата за основање на локалните младински совети;
- Дополнително регулирање и конкретизирање на деталите поврзани со функционирањето на младинските сервиси, поточно младинските центри и службениците за млади.
- Унифицирање на постапката за формирање и работење на канцеларијата за млади и појаснување на улогата на канцеларијата за млади.

- Креирање и имплементација на програми за јакнење на капацитетите на претставниците на локалните младински совети и младинските службеници.

- Креирање прирачници за административните процедури за воспоставување и управување со механизмите и сервисите во надлежност на Единиците на локалната самоуправа.

- Појаснување на одредбите од Законот кои се однесуваат на финансирањето, односно кога станува збор за Буџетот на Република Северна Македонија, да се определат конкретните институции кои ќе ги добијат овие средства за спроведување на законот. Дополнително, појаснување за што се користат овие буџетски средства, односно дали овие средства се однесуваат само за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.

- Воведување посебна буџетска ставка или програми за млади во рамките на буџетите на општините и државните институции, со цел да се покаже транспарентност и отчетност на младите во поглед на тоа како се трошат и дали навистина се одвоени средствата што се дефинирани во законот.

